# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 10/2023
## 19.06.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/1**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програма за**
**Локален економски развој на општина Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за локален економски развој за 2023 година, се вршат следните измени во делот :

**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2023**

**Износот од 9.960.000 ден се заменува со 12.157.000 ден.**

Во подставка 464990 – износот **8.810.000,00** денари се зголемува за **1.400.000,00** денари и изнесува **10.210.000,00** денари

Во подставка 425990 – износот **1.050.000,00** денари се зголемува за **797.000,00** денари и изнесува **1.847.000,00** денари

**Во Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2023 во точка 2 се дополнува со нов проект (точка 8 од Под-програма ГА0) со наслов -** Инфраструктурна адаптација на јавна површина за слободно движење на лицата со попреченост во општина Неготино (пристапни рампи и реконструкција на тротоари-изгласан на форумски сесии

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2023**

**Износот од 5.454.080 ден се заменува со 3.654.080 ден.**

Во подставка 464990 - износот **3.800.000,00 денари** се намалува за **1.700.000,00** денари и изнесува **2.100.000,00 денари**

Во подставка 425990 – износот **1.449.080** денари се намалува за **100.000,00** денари и изнесува **1.349.080,00** денари

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2023 точка 8 се брише,точка 9 станува точка 8 .**

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-440/3**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/2**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Закон за градење (Службен весник на РМ бр.130/09, 124/10......64/18,168/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19,18/20,279/20 и 227/22), член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08; 52/09; 114/09...... 71/16 и 163/16 и Сл.весник на РСМ бр.1745/21),член 12 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013...... 31/2016 . 64/2018 и Службен весник на РСМ бр.302/20)., член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11,16/12,16/14,13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година

### Член 1

**Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година се вршат следните измени:**

Во пот програмата ФД Износот од **4.000.000,00** денари се заменува со износот **4.500.000,00** денари и вкупниот износ во делот на расходи се зголемува од **9.000.000,00** денари со **9.500.000,00** денари

Во точка 2 Средства за остварување на програмата во точка 2.1 Средствата за финасирање на работите од оваа програма кои беа планирани во износ од **65.438.676,00** денари се заменува со износот од **67.598.686,00** денари

Во делот на приходи од Надоместок за уредување на градежното земјиште износот од **20.000.000,00** денари се заменува со износот од **22.000.000,00** денари и вкупниот износ од **65.438.676.00** се заменува со **67.598.000,00** денари

Во точка 2.2. Планирани средства за уредување на градежно земјиште ФА и уредување на простор во рурални подрачја, Ф2 и ФД (капитални трошоци) за 2023 година во износ од **9.000.000,00** се заменува со **9.500.000,00** денари.

Во точка 2.3.Планираните средства за финансирање на Програмата за комунална дејност во износ од 56.438.676,00**ден /58.098.000,00/**за финасирање на обавување на комунални дејности **во текот на 2023година .**

Во потпрограмата Ј1 износот од 4.500.000,00денари се заменува со износот од 4.860.000,ооденари

Во потпрограмата Ј3 – Јавно осветлување и плаќање тековни активности износот од 588.676,00денари се заменува со износот од 3.888.686,ооденари

Во потпрограмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта

и плаќање тековни активности износот од 16.000.000,00денари се заменува со износот од 17.000.000,ооденари

Во потпрограмата ЈД по точка 29 се додава точка 30 која гласи: Асфалтирање на улица Бранители

Во потпрограмата ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување и плаќање тековни активности износот од 7.000,000,00денари се заменува со износот од4.000.000,00денари

Во потпрограмата ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води и плаќање тековни активности износот од 3.000.000,00денари се заменува со износот од 4.000.000,00денари

Во оваа пот програма по точка 16 се додава нова точка 17 која гласи : **Реконструкцја на постоечка канализациона мрежа во с.Дуброво**

Во потпрограмата ЈЛ – Други Комунални услуги и плаќање тековни активност износот од 2.000.000,00денари се заменува со износот од 1.000.000,00денари

По точка 29 се додава нова точка 30 која гласи:Асфалтирање на улица Бранители

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино “ .

**бр. 08-440/4**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.05.2023** година ја донесе следната

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/3**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.5/02 ) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16. 06. 2023** година ја донесе следната

## ПРОГРАМА

## За изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност за 2023 година

## ВОВЕД

Програмата за енергетска ефикасност претставува дефиниран збир на активности и проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2023 година и кои по потреба ќе продолжат со реализација во 2024 година и кон кои во главно ќе бидат насочени активностите на Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Општина Неготино. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуирано спроведување на активностите предвидени со неа во општината и Вардарскиот плански регион, кои треба да го подобрат нивото на енергетската ефикасност во општина Неготино и во општините од ВПР.

Програмата за енергетска ефикасност за 2023 година главно е ориентирана кон зголемување на активностите од енергетска ефикасност во Општина Неготино, како и кон ефикасно искористување на енергијата како ресурс. Финансиските извори за реализирање на активностите предвидени во програмата ќе бидат од различен карактер, од Буџет на општина Неготино, донации од домашни и странски донатори и други расположиви извори.

Програмата со активностите и проектите на општина Неготино, во областите на енергетската ефикасност за 2023 година ќе биде сообразена и во тесна корелација со Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година и Акциониот план за ЕЕ за 2023 год. на Општина Неготино.

Посебно внимание ќе се посвети на одржувањето на уличното осветлување во Општина Неготино во состојба во која се доведе во 2022 година, функционално и ефикасно со тенденција на намалување на потрошувачката на електрична енергија.

Во текот на 2022 година се изврши дозамена на класичните светилки кај канделабрите во градот ( оклу 300 броја) и класичните светилки на 6 метарските дрвени столбови во селата: Курија. Црвени Брегови. Вешје, Горни Дисан и Калањево (вкупно 115 светилки). Сето тоа е направено со сопствени средства од буџетот на Општина Неготино, а исто така беше осветлен дел од обиколницата на градот (ул. Индустриска).

Со ова продолжи тенденцијата на намалена потрошена електрична енергија за потребите на јавното осветлување, чија вкупна количина за 2022 година се очекува да биде на најниско ниво досега, односно околу 450 000 kWh, или и помалку.

Во спортската сала „Младост“ – голема сала беа заменети старите класични рефлектори со нови енергетскиефикасни ЛЕД рефлектори со што потрошувачката на енергија е повќекратно намалена.

Програмата со активностите и проектите на Општина Неготино во областите на енергетската ефикасност за 2023 година ќе се потпира на следните утврдени приоритети:

1) Утврдување на моменталната состојба на потрошувачка на енергија на објектите кои што се под надлежност на општината, како и потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува (уличното осветлување и водоснабдувањето);
2) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во објектите во општинска сопственост;
3) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува општината (уличното осветлување и водоснабдувањето).
4) Контрола на показателите за потрошена енергија во 2022 година и 2023 година;
5) Заштеда на енергија, преку намалување на загубите и рационален однос кон енергијата во количина колку што може **да се избегне непотребното трошење**, подобрување на енергетските карактеристики на објектите и слично, а е остварливо со препорачани и преземени мерки за енергетска ефикасност;
6) Подигање на свеста кај корисниците на објектите и граѓаните за значењето на енергетската ефикасност, придобивките од истата и односот кон енергијата.

Дел од планираните активности во оваа програма ќе бидат целосно во согласност со Акциониот план за енергетска ефикасност за 2023 год. на општина Неготино и Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година.

Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште  во општина Неготино работи и на унапредување на енергетската ефикасност и во Вардаскиот плански регион, што значи дека и во наредниот период ќе учествува и во спроведување на Програмата за развој на Вардарски Плански Регион,  пред се со подобрување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, како поединечно во општините така и на ниво  на  целиот Варадарски плански регион.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Носител на Програмата за   енергетска ефикасност  на Општина Неготино за 2023 година е Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Неготино кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истото ќе биде одговорно за реализација на програмските активности за општина Неготино, и на програмските активности за општините од Вардарскиот плански регион во координација со останатите Одделенија и со лицата задолжени за енергетска ефикасност во општините од Вардарскиот плански регион. Одделението за  енергетска ефикасност е кадровски екипирано со  две лица  од кои едно  високо стручен кадар – дипл. маш.инж.- енергетичар, и едно лице соработник за подготовка на техничка документација.

## ПЛАН  ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2023 година  е концепирана  преку предложени активности и проекти и временска рамка во  следниве под-програми: ГД и ЈА:

| **Ред бр.** | **Проект/Активност** | **Вкупно планирани средства во МКД** | **Буџет на општина Неготино во МКД** | **Други извори на финансирање МКД** |
|---|---|---|---|---|
| **ГД0** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2023 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) **482 830** | | 50 000 | 1 500 000 |
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување **482 810** | | 50 000 | |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион **482 830** | | 350 000 | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори осветлување на спортски терени, објекти и други локации **482 830** | | 130 000 | |
| 5. | Изработка на техничка документација за поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | | 100 000 | |
| 6. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | | 2 000 000 | |
| 7 | Набавка на соларни рефлектори за улично и друг вид на осветлување (на детски игралишта и паркови) | | 60 000 | |
| 8. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа **426 990** | | 10 000 | |
| В К У П Н О | | | 2 750 000 | 1 500 000 |
| **ЈА** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2023 согласно АП за ЕЕ<br><br>(изградба на јавно осветлување) на дел од Маршал Тито, и други улици во градот и населените места **482 820** | | 1 500 000 | 500 000 |
| В К У П Н О | | | 1 500 000 | 500 000 |
| **ГД0 и ЈА: В К У П Н О** | | | **4 250 000** | **2 000 000** |

Под-програми ГД 0 и ЈА-Проекти за енергетска ефикасност

**ВКУПНО ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА**

| Под-програма | Опис | Вкупно во МКД | општина Неготино во МКД | Други извори во МКД |
|---|---|---|---|---|
| ГД 0 | **проекти за енергетска ефикасност** | **4 500 000** | **2 750 000** | **1 500 000** |
| ЈА | **Реализирање на проекти од ЕЕ** | **2 000 000** | **1 500 000** | **500 000** |
| ВКУПНО | **Одделение за енергетска ефикасност** | **6 500 000** | **4 250 000** | **2 000 000** |

Временска табела на активности на Одделението за ЕЕ за 2023 година

| **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Проект | | | | | | | | | | | | |
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2023 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | објектите) | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион, и спортска сала „Младост“ | | | | | | | X | X | X | | | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори за осветлување на спортски терени, објекти и други локации | x | x | x | x | X | X | X | X | X | X | x | x |
| 5. | Изработка на техничка документација за поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | | | | | | | x | x | x | | | |
| 6. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | | | | | | | x | x | x | x | x | x |
| 7. | Набавка на соларни рефлектори за улично и друг вид на осветлување (на детски игралишта и паркови) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 8. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ефикасност и придобивките од неа | | | | | | | | | | | | |
| **ЈА** | | | | | | | | | | | | | |
| 6. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2023 согласно АП за ЕЕ<br><br>(изградба на јавно осветлување) на дел од ул. Маршал Тито, и други улици во градот и населените места | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за енергетска ефикасност за 2023 година се во висина од 4 250 000 денари. Од други извори планирани се вкупно **2 000 000** денари и тоа од домашни и меѓунаридни институции, донации, агенции и фондови на ЕУ**.** Од буџетот на општина Неготино се планира да бидат финансирани од под-програмите ГД0 и ЈА во висина од **4 250 000** денари.

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на Општина Неготино

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој и** Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење, поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во инплементацијата на активностите од програмата. Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Неготино.

**бр. 08-440/5**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/4**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ"бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22 ) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

- **табелата „2.8 Изработка на урбанистички проекти согласно член 58 став 6" се заменува со**

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| 6 | Црвени Брегови | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на објекти со класа на намена **Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија** на КП бр. 155 и КП бр. 164-КО Црвени Брегови 2-Општина Неготино<br>▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена **Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија** на КП бр. 113/1-КО Црвени Брегови 2, Општина Неготино | самофинансирање |

- **табелата „2.8 Изработка на урбанистички проекти согласно член 58 став 6" се дополнува со**

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| 6 | Криволак | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП710/2, КП710/4, КП710/6, КП589/19, КП715, КП716/1, КП716/4, КП717, КП723/2 и делови од КП710/5, КП589/1, КП589/2, КП589/4, КП716/3, КП589/23, КП723/1 КО Криволак, Општина Неготино<br>▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурен вод - 10(20) kV електричен вод од точка 1 на КП589/1 КО Криволак до точка 2 на КП8000/2 КО Неготино, Општина Неготино | самофинансирање |
| 7 | Дуброво | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, на КП 264/5, КО Дуброво, општина Неготино | самофинансирање |

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино".**

**бр. 08-440/6**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/5**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 5/02),Законот за животна средина(„Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и член 79 став 1 точка 15 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр 3/06, 2/11, 6/11, 16/12,16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**За изменување и дополнување на Програмата за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2023 година**

Со Програмата за заштита на животната средина и природата на општина Неготино за 2023 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на животната средина и природата во општина Неготино, а кои се во функција на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.

Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на општина Неготино.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка.

Програмата опфаќа:

Процена на состојбите со животната средина на локално ниво
Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина базирани на ризикот на човечкото здравје, еко системите и квалитетот на животот.
Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината.
Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина, и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општина Неготино.
Програмата за заштита на животна средина на општина Неготино за 2023 година содржи:

**1.Извори на финансирање**

**2.Спроведување на програмата**

**3.Динамика на спроведување на програмата**

**4.Завршни одредби**

1.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за финансирање на Програмата за заштита на животна средина ќе се обезбедат по следните основи

| р.б. | ПРИХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Средства од буџетот на општина Неготино и од државни фондови | 1.460.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.460.000,00** |

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на на програмата за животна средина на територија на општина Неготино, е надлежен Градоначалникот на општина Неготино.

## 3. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамика за спроведување на оваа Програма ќе зависи од створените правни и технички услови и од остварување на приливот на средствата.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

| | РАСХОДИ | денари |
|---|---|---|
| **Р10** | **Заштита на животна средина** | **1,260.000,00** |
| 1. | Чистење на диви депонии | 0 |
| 2. | Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието на врз животната средина на планските документи. | 30.000,00 |
| 3. | Одбележување на Европската недела на мобилност “ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ” набавка и печатење на маици | 30.000,00 |
| 4. | Акции за пошумивање на територијата на општина Неготино | 500.000,00 |
| | | |
| 5. | Набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување | 200.000,00 |
| 6. | Изработка на ЛЕАП | 500.000,00 |
| **РА0** | **Заштита на животна средина** | **200.000,00** |
| 1. | Набавка на контејнери и корпи за отпад | 200.000,00 |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **1.460.000,00** |

Реализацијата на оваа Програма да се извршува во согласност со висината на пристигнатите приходи и тоа пропорционално на сите потпрограми кои се составен дел на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,, **Службеник гласник на општина Неготино " .**

## Образложение

Со Програмата за заштита на животната средина за 2023 година на општина Неготино се предвидени следните активности:

**1.Чистење на диви депонии**

Општина неготино секоја година активно се вклучува во национални акции за расчистување на диви депонии. Во рамките на спроведување на овие акции се ангажираат фирми за расчистивање на диви депонии кои се наоѓаат на територијата на општина Неготино. За оваа ставка во 2023 година целосно ќе ја превземе ЈП Комуналец Неготино.

**2.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на планските документи.**

Согласно Законот за животна средина планските документи подлежат на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.Урбанистичките планови кои ги донесува општина Неготино исто така подлежат на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина. Постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина ја води одделението за урбанизам и заштита на животна средина а извештаите за стратегиска оцена ги изготвува експерт за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од листата на експерти од МЖСПП.

За оваа цел во Програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 30.000,00 денари.

**3.Одбележување на Европската недела на мобилност "ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ"**

Општина Неготино се приклучи кон обележувањето на Европската недела на мобилност, при што ќе бидат изработени информативни флаери со повик до граѓаните да учествуваат во манифестацијата "ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ" каде што се затвара за сообраќај една фрекфентна улица во градот и се резервира за велосипеди, ролери и

друг вид на алтернативен транспорт. За учесниците во манифестацијата се набавуваат и испечатуваат маици со логото на настанот.

За оваа цел во Програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 30.000,00 денари.

**4.Акции за пошумување на територијата на општина Неготино**

Секоја година во рамките на акциитеза пошумување општина Неготино во соработка со ЈП Македонски шуми и МЖСПП организира акции за пошумување на одредени површини кој се наоѓаат на територија на општина Неготино. Во 2023 година општна Неготино планира да спроведе акции за пошумување на различни локациии во градот и населените места, како и оградување на градската депонија “Бучето“ со зелен појас. За оваа цел во програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 500.000,00 денари.

**5.Набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување**

Општина Наготино во 2023 година обезбедува средства во буџетот на општината за набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување. За оваа активност во буџетот на општина Неготино за 2023 година се предвидени 200.000.00 денари

**6.Изработка на ЛЕАП (локален еколошки акционен план)**

Согласно Законот за животна средина секоја општина е должна да има важечки ЛЕАП (локален еколошки акционен план). За изработка на еден ваков проект потребно е ангажирање на еколошка консултантска фирма и експерти од областа на животната средина кој ќе спроведат одредени јавни расправи, косултации со невладините еколошки организации кој треба да дадат свој придонес во изработката на овој документ. За овој проект се предвидува во буџетот на општина Неготино за 2023 година 500.000,00 денари..

**7.Набавка на контејнери и корпи за отпадоци**

Во текот на 2023 гогина општина Неготино планира да набави нови контејнери и корпи за отпадоци кои ќе бидат ставени во функција на граѓаните, за што во програмата за заштита на животната средина на општина Неготино за 2023 година се предвидени 200.000,00 денари.

**бр. 08-440/7**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2023 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/6**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( ,,Службен весник на РМ “ бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 26 од СТатутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година го донесе следниот

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2023 година се вршат следните измени и дополнувања:

Во табелата Буџет за реализација на програмата, точка 6 Општинско – корисна работа 2 во колона 8 (други извори) се додава износ од 550 000 ,приходи од Обединетите Нации, а во колона 7 се додава износ од 117 500 ден. средства од Буџетот на општина Неготино.

Во колона 6 (вкупно сретства ) се додава Износ од 667 500 ден.

Во точка 2 (еднократна парична помош се додава износ од 200 000 и износот во колона 6 и колона 7 од 1.000.000 се заменува со износ од 1.200.000.

Во точка 11 (еднократен надоместок за новородено дете), износот во колона 6 и колона 7 од 750 000 се заменува со износ од 1.000.000.

Вкупниот износ на Програма Т1 од 3.022.000 се заменува со износ од 3.519.000

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-440/8**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/7**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр.3/063/06, 2/11, 9/11 , 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино**

**во областа на образованието во 2023 година**

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него.

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

## *I. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА*

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта и средното училиште и со Градоначалникот на општина Неготино.

Исто така, користени се и добрите/лошите искуства од реализацијата на минатогодишните искуства. Во оваа програма се имплементирани предлозите и препораките од сите фактори.

## *II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во основните училишта на територијата на општина Неготино во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогне во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивите и на условите за афирмирање на личноста на ученикот. Исто така, целиме кон воспоставување европски принципи за образовени процес што треба дополнително да го стимулира развојот на децата.

## *III. АКТИВНОСТИ*

Општина Неготино ќе го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма  сообразено и во корелација со Годишните програми за работа на училиштата. Активностите на Општина Неготино во областа на образованието во 2023 година ќе бидат насочени кон:
-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
-Техничка и стручна помош при имплементација на Образовните политики за општина Неготино;
-Ќе работи на промоција и поддршка на талентирани ученици
-Ќе се обезбедува логистичка и материјална помош во севкупниот професионален развој и унапредување на наставниот кадар.
-Ќе се грижи за обезбедување на оптимални услови за изведување на воспитно образовниот процес во училиштата.

## *1. ПРИХОДИ*

| **Р.б** | **Блок дотација по соодветна програма** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1.Н1 | Основно образование- блок дотација (плати и надоместоци од плати, тековно одржување и превоз)- МОН преку буџетот на општина Неготино | **148.046.000,00** |
| 2. Н1 | Средства од Буџетот на општината- основно образование | **710.000,00** |
| 3. Н1 | Самофинансирачки- основно образование | **330.000,00** |
| 4. Н2 | Средства од Буџетот на општината- средно образование | **315.000,00** |
| 5. Н2 | Самофинансирачки- средно образование | **180.000,00** |
| 6. Н2 | Средно образование- блок дотација (плати и надоместоци и тековно одржување) МОН преку буџетот на општина Неготино | **56.000.000,00** |
| | **Вкупно** | **205.581.000,00** |

**Предлог програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за 2023 година е претставена во три дела:**

I. **Поддршка на активности во основно, средно образование и образование за возрасни**

II. **Инвестиции во основно и средно образование**

III. **Трансфер на средства од МОН и приходи од самофинансирање во основно  средно образование**

| Р. б р. | Активност | Носител | Предвидени средства | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мон | Општина | Донациј а | Соп. Приход и | |
| **I. Активности** | | | | | | | |
| 1. | Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и средно образование Поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари | Општина Неготино (464990) | | 30.000,00 ОО 30.000,00 СО | | | 60.000,00 |
| 2. | Поддршка на учениците и наставниците од билингвална паралелка | Општина Неготино (464990) | | 60.000,00 СО | | | 60.000,00 |
| 3. | Награди за наставници и талентирани ученици во основно и средно, и најдобар ученик | Општина Неготино (464990) | | 120,000,00 ОО 100,000,00 СО | | | 220.000,00 |
| 4. | За организирање на ,,Танц на матуранти,, 2023 (озвучување и маички) | Општина Неготино (425990) | | 20.000,00 СО | | | 20.000,00 |
| 5. | Подршка на интернет во основни и средни училишта | Општина Неготино (425990) | | 0 ОО 25.000,00 СО | | | 25.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за секој ученик запишан во I одделение во | Општина Неготино (464990) | 150 прв | 550.000,00 ОО | | | 550.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | основните и подрачните училишта во општина Неготино. | | ачи ња | | | | |
| 7. | Најдобри наставници одделенска, предметна, средно | Општина Неготино<br><br>(464990) | | | | | 30.000,00 |
| 8. | Целодневен престој за ученици од 1-5 одделение. | Општина Неготино<br><br>(425990) | | 0 | | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 9. | Стипендирање на најдобар студент<br>9 месеци | Општина Неготино | | 60.000,00 | | | 60.000,00 |
| | | | | **Вкупно** | **350.000,00 – 1.375.000,00** | | |

N1-Средства за основно образование од буџетот на општина Неготино 710.000,00

N2-Средства за средно образование од буџетот на општина Неготино- 315.000,00

| Р.бр. | Активност | Носител | МОН | Општина | Донација | Соп. Приходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I I. Инвестиции** | | | | | | | |
| 1. | Покривање на аула СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | | | | Дополнително МОН | | |
| 2. | Реновирање на покрив (нов дел) ООУ„Страшо Пинџур“ | | | | | дополнително | |
| 3. | Топлинска изолација на таван с.Пепелиште ООУ„Страшо Пинџур“ | | | | | 50.000,00 | |
| 4. | Фотоволтаици ООУ„Страшо Пинџур“ | | | | | 2.500.000,00 | |
| 5. | Реконструција на кров во ООУ „Гоце Делчев“ | | 700.000,00 | | | | 700.000,00 |
| 6. | Монтажна спортска сала во с.Долни Дисан | | | | | 2.000.000,00 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Доградба на 7 училници за едносменско работење ООУ„Гоце Делчев“ | | дополнително | | | | |
| 8. | Фотоволтаици ООУ„Гоце Делчев“ | | | | | 2.500.000,00 | |
| 9. | Кабинет ликовно образование во ООУ„Гоце Делчев“ | | | | | дополнително | |
| 10. | Сензорна соба ООУ„Гоце Делчев“ | | | | | дополнително | |
| 11. | Најубав училишен двор | | | | | дополнително | |
| 12. | Реконструкција на ООМУ„Владимир Арсовски“ | | Дополнително | | | дополнително | |

| III. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | Активност | Носител | МОН | Општина | Донација | Соп. Приходи | Вкупно |
| 1. | Блок дотација-основно образование-плати, материјални трошоци превоз | | 148.046.000,00 | | | | 148.046.000,00 |
| 2. | Блок дотација-средно образование-плати, материјални трошоци и превоз | | 56.000.000,00 | | | | 56.000.000,00 |
| 3. | Приходи од самофинансирање-основно образование буџет на општината и донации | | | 710.000,00 | | 330.000,00 | 1.040.000,00 |
| 4. | Приходи од самофинансирање-средно образование буџет на општината и донации | | | 315.000,00 | | 180.000,00 | 495.000,00 |
| | | | | | | | **ВКУПНО 205.581.000,00** |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Оваа Програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за учебната 2022/2023 година бидејќи планирањата во оваа област покрај календарски се вршат и по учебна година.

Исто така во програмата во делот на капиталните инвестиции во образованието планирани се средства за кофинансирање и на општина Неготино во истите. За таа цела во оваа Програма се предвидуваат средства за санација, доградба на училишни објекти онаму каде што е тоа најнеопходно, а се изнаоѓаат и форми за обезбедување на дополнителни донации.

Поаѓајќи од тригодишните оперативни планови за капитални инвестиции на училиштата , плановите се доставени до општина Неготино и МОН, направена е проекција за приоритетите за 2023 и истите се составен дел од програмата.

Предлагам измени во програмата за образование во следните активности:

-Целодневен престој за ученици од 1-5 одделение.

Свесни за потребата на одреден број ученици кои треба да бидат згрижени во текот на целиот ден, но поради тоа што немаме согласност за вработување на уште еден наставник за одделенска настава од МОН, исто така поради недоволен простор во училиштата, оваа учебна 2023/2024 година не сме во можност да ја реализираме истата.

-Поддршка на интернет за ООУ, оваа ставка беше пракса во изминатите години во време на корона, кога учениците беа онлине на настава.

-Покривање на аула СОУ„Св.Кирил и Методиј“- со средства од Министерство за образование;

-Реновирање на покрив ООУ„Страшо Пинџур“- со сопствени средства;

-Топлинска изолација на таван с.Пепелиште ООУ„Страшо Пинџур“- во вредност од 50.000,00 ден со сопствени средства;

-Фотоволтаици во ООУ„Страшо Пинџур“ и ООУ „Гоце Делчев“ во вредност од 5.000.000,00 ден со сопствени сресства;

-Рекострукција на кров во ООУ„Гоце Делчев“- во вредност од 700.000,00 со сресва од МОН;

-Монтажна спортска сала с.Долни Дисан во вредност од 2.000.000,00 ден со сопствени средства;

-Доградба на 7 училници за едносменско работење во ООУ„Гоце Делчев“, со средства од МОН;

-Кабинет за ликовно образование во ООУ„Гоце Делчев“, со сопствени средства;

-Сензорна соба ООУ„Гоце Делчев“, со средства од општина Неготино;

-Реконструкција на ООМУ„Владимир Арсовски“, со сопствени средства;

## ***ФИНАНСИРАЊЕ***

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за активностите во областа на образованието со измени за 2023 година во висина од 205.581.000,00 денари од блок дотации и од самофинансирање на училиштата.

## ***РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА***

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

## ***ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Комисиите за Финансирање и буџетот и Комисијата за јавни дејности го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

**бр. 08-440/9**
**16.06.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2023 година во општина Неготино**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2023 година во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **16.06.2023** година.

**Бр.09- 460/8**
**19.06.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11 , 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **16.06.2023** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За измена и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2023 година, се вршат следните измени:

Во делот **I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА (К4)**

Измена 1 - Активност бр. 1 **ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ “БРАНКО ЃОРЧЕВ” 2023**

Во ставката Договорни услуги износот од 120.000,00 денари се зголемува за 100.000,00 денари и сега изнесува 220.000,00 денари (договорни услуги). Притоа вкупниот износ за реализација на оваа активност се зголемува за 100.000,00 денари и сега изнесува 250.000,00 денари.

Измена 2 - Активност бр. 4 ***НЕГОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2023***

Во ставката Договорни услуги износот од 1.000.000,00 денари се намалува за 300.000,00 денари и сега изнесува 700.000,00 денари (договорни услуги). Притоа вкупниот износ за реализација на оваа активност се намалува за 300.000,00 денари и сега изнесува 700.000,00 денари.

Измена 3 - Активност бр. 8 **Манифестација *МЕСЕЦ НА ВИНОТО 2023***

Во ставката Договорни услуги износот од 200.000,00 денари се намалува за 50.000,00 денари и сега изнесува 150.000,00 денари (договорни услуги). Притоа

вкупниот износ за реализација на оваа активност се намалува за 50.000,00 денари и сега изнесува 150.000,00 денари.

Притоа во делот **ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** (К4) износот од 2.360.000,00 денари, СЕ МЕНУВА и сега изнесува 2.110.000,00 денари, односно се намалува за 250.000,00 денари.

Во делот **II. ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА (КА0)**

Измена 1 - Активност бр.1 **Реконструкција и одржување на споменици, спомен – плочи и бисти на паднати борци**
Во ставката Реконструкција на споменици, износот од 100.000,00 денари се менува и сега изнесува 0,00 денари (Реконструкција на споменици).

Притоа во делот **ВКУПНО ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА (КА0)** износот од 100.000,00 денари СЕ МЕНУВА и сега изнесува 0,00 денари.

Во делот **III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ (L0)**

Измена 1 - Активност бр. 1 ***ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНАТА***

Во ставката Трансфери кон спортски клубови износот од 2.500.000,00 денари се зголемува за 2.000.000,00 денари и сега изнесува 4.500.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови – 1.000.000,00 денари за Градски ракометен клуб “Вардар-Неготино” и 1.000.000,00 денари за Градски фудбалски клуб “Вардар”).

Измена 2 – Активност бр. 11 **Субвенционирање при набавка на елктрични тротинети / велосипеди за граѓаните на општината**

Во ставката Други трансфери износот од 300.000,00 денари се намалува за 170.000,00 денари и сега изнесува 130.000,00 денари (Други трансфери).

